**ОСНОВНО ОПШТИНСКО УЧИЛИШТЕ**
**,,СВ.КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ ”**
**Македонски Брод** ул:Партизанска бр33
6530 Македонски Брод тел/фах 045 - 274-131
www.oouklimentohridski.edu.mk
e-mail:oukliment@yahoo.com
ou-svklimentohridski-makedonskibrod@schools.mk

# ПРОГРАМА

За реализација на тридневна екскурзија со учениците
од IX (деветто) одделение




| | | |
|---|---|---|
| февруари, 2024 г. | Раководител на екскурзијата | Директор |
| Мак.Брод | Наташа Стојкоска | Тони Ставрески |

Врз основа на Правилникот за начинот на изведување на слободните активности на учениците од основните училишта од член 34 став 4 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Македонија“ бр.103/08,33/10 116/10, 156/10, 18/11, 15/11, 6/12,100/12,24/13 и 41/14) донесен од министерството за образование и наука и врз основа на Годишната програма за работа на ООУ „Св. Климент Охридски“ од Македонски Брод за учебната 2023/24 година е изготвена:

# ПРОГРАМА

за изведување на тродневна екскурзија со учениците од IX (деветто) одделение од

ООУ „Св. Климент Охридски “ од Македонски Брод

## ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНИ ЦЕЛИ НА ЕКСКУРЗИЈАТА

**Цел на екскурзијата:**

- совладување нови знаења;
- проширување на знаења;
- примена на вештини и ставови преку непосредно запознавање на појавите;
- однос во природата и општествената средина;
- да се посетат и доближат природните реткости на овој дел. Посетувајќи ги овие места да се создаде и поттикне љубов кон сопствената татковина, зачувување на сѐ она што е убаво и што е дадено од природата, внимавајќи при тоа и на еколошкиот аспект;
- да се посетат културно-историските споменици што гравитираат во овој дел;
- да се развие љубов и патриотско чуство кон својата татковина;
- со посетата на работните колективи да се создадат позитивни навики кон работата и љубов кон истата;
- учениците да ја воочат потребата од постојана работа и постојано создавање на добри дела;
- да се развие и другарството меѓу учениците.

## ЗАДАЧИ НА ЕКСКУРЗИЈАТА:

- Изучување и истражување на објекти и појави во природата како и односите во општествениот живот
- Развивање интерес за природата и градење еколошки навики
- Запознавање со културата и начинот на живеење на луѓето во оделни краеви
- Градење на чувство за патриотизам.толеранција и соживот
- Развивање позитивен однос кон: националните, културните и естетските вредности
- Потикнување и манифестирање на позитивни емоции
- Социјализација, колективна заштита и стекнување на искуство за осамостојување и грижа за себе
- Развивање интерес за спортски активности, рекреација и создавање навики за здраво живеење

**ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ЕКСКУРЗИЈАТА:**

Наставно-научната екскурзија ќе се реализира во три дена во месец МАЈ 2024 год.

**ОДГОВОРНИ ЗА РЕАЛИЗИРАЊЕ НА ЕКСКУРЗИЈАТА:**

Одговорни за реализирање на екскурзијата се одделенските раководители во паралелките во деветто одделение: *Наташа Стојкоска- претседател на тимот, класен раководител на IX-2*

*Јасмина Батанџиовска IX-1*
*Горан Ѓуроски IX П.У.Самоков*

**ЛОКАЦИИ НА ПОСЕТА И ПРАВЦИ**

Македонски Брод- Тетово-Скопје -Пробиштип- Кочани – Велес – Прилеп, с. Небрегово – Македонски Брод.

**СОДРЖИНИ И АКТИВНОСТИ**

**ПРВ ДЕН**

Македонски Брод -Тетово –Шарена џамија и Тетовско кале (појадок) ; Скопје – посета на Кањонот на Матка, Манастир на "Успение на пресвета Богородица"-Матка (ручек) посета на – Скупи, Римски Виадукт посета на Скопско Кале и црква "Св.Спас"-почивалиште на Гоце Делчев и Стара чаршија – посета на Меморијален центар на холокаустот на Евреите на Македонија- сместување, вечера, ноќевање.



**Шарената џамија** — позната живописна џамија во градот Тетово.

**Тетовско кале или Балтепе** — тврдина и значајно археолошко наоѓалиште која се наоѓа на врвот на Балтепе, веднаш над Тетово на 2 км од градскиот центар. Самото наоѓалиште во археолошки поглед претставува утврдена градска населба од доцноантичкото време и средниот век.



**Матка — кањон на реката Треска**, десна притока на Вардар, зафаќа површина од околу 5.000 хектари и се наоѓа на 17 километри југозападно од Скопје. Според морфогенетските одлики претставува клисура-пробојница. На овој простор посебно внимание заслужуваат карстните облици — десетте пештери со должина од 20 до 176 метри и двата пропасти со длабочина до 35 метри.



**Манастир на “Успение на пресвета Богородица”-Матка** Единствениот манастир на Матка во кој континуирано има монашки живот со само мали прекини од по неколку години (главно во 20-ти век) е манастирот Успение на Пресвета Богородица – Матка. Возобновен е во 1337г. на левиот брег на реката Треска, на нејзиниот излез од клисурата.



**Скопско Кале** — тврдина сместена на високиот рид наречен Градиште, над градот Скопје со поглед на реката Вардар и била од стратешко значење за овој значаен град со векови.



**Црква „Св. Спас“** — еден од најзначајните споменици на културата во Скопје, источно од тврдината Кале. Црквата е споменик на културата заштитен со закон, а во нејзе се врши богослужба и верски обреди само за нејзиниот патронен празник Спасовден.




**Стара скопска чаршија** — трговски и културно-историски дел во Скопје и една од најголемите знаменитости на градот. Се наоѓа на просторот од Камениот мост до Бит-пазар и од Калето до реката Серава.



**Меморијален центар на холокаустот на Евреите од Македонија**— центар посветен на настраданите 7.148 Евреи од Македонија за време на холокаустот и историјата на Евреите на Балканот. Центарот се наоѓа во Скопје и е сместен на местото на некогашното Еврејско маало. Меморијалниот центар на холокаустот претставува мултимедијален центар, составен од неколку делови.

**ВТОР ДЕН**

Скопје (појадок), тргнување за Пробиштип и посета на Манастир „Гаврил Лесновски“- с. Лесново (ручек); -тргнување за Кочани и посета на Споменикот на слободата-посета на Брана Гратче сместување, вечера, ноќевање.



**Свети Гаврил Лесновски или Лесновски манастир — манастир** во с. Лесново, Пробиштипско. Главната црква е посветена на Светите Архангели Михаил и Гаврил. Манастирот Св. Гаврил Лесновски е еден од најзначајните и најубавите средновековни и сакрални споменици на културата, не само во Република Северна Македонија туку и пошироко. Не само што со своето богатство и содржини на иконостасот и фрескосликарството претставува голема мистерија, туку тој е познат и по својата моќ да лекува болни лица.



**Споменик на слободата** — монументален споменик во Кочани, изграден на ридот Локубија, на северозападната страна на градот. Споменикот е голем комплекс од отворени ѕидни конструкции, на кои се применети мозаици на Глигор Чемерски. Прогласен е за културно наследство на Република Северна Македонија.



**Гратче или Кочанско Езеро** (месно познато како Браната) — вештачко езеро сместено во подножјето на Осоговските Планини, на местото на некогашното село Долно Гратче, оддалечено околу 6 км северно од Кочани.

## ТРЕТ ДЕН

Кочани појадок, тргнување за Велес во посета на спомен куќата на Кочо Рацин-Спомен Костурница-Велешко езеро-Младост (ручек).- тргнување за Прилеп и посета на куќата на Блаже Конески-с. Небрегово- пристигнување во Македонски Брод.



**Спомен куќата на поетот и деец Кочо Рацин** се наоѓа во Велес. Како потсетник на еден од најголемите поети и социјалисти во периодот помеѓу двете светски војни, таа во 1962 година е целосно реставрирана.



Импозантниот и монументален споменик – **Спомен костурницата** во Велес, датира како вечно почивалиште на стотина велешки борци кои загинале во НОВ. Идејата за формата претставува афионов цвет кој расцветува и означува раѓање на нешто ново (од друга страна е присутна и асоцијацијата на распукан шлем – симбол на победениот фашизам) Автори на ова грандиозно, архитектонско дело биле Саво Суготин (инженер архитект) и Љубомир Денковиќ (академски вајар) од Нови Сад.



**Младост** (или Велешко Езеро) — вештачко езеро северно од градот Велес.



**Спомен-домот на Блаже Конески** - објект т.е. спомен-дом кој се наоѓа во прилепското село Небрегово во Општина Долнени. Овој објект како значаен споменик на културата, припаѓа на руралната архитектура. Оваа куќа е родниот дом на великанот на македонската книжевност, академик Блаже Конески.

## ТЕХНИЧКА ОРГАНИЗАЦИЈА

Екскурзијата ќе се изведува со правни лица кои ги исполнуваат следниве услови:

- да се регистрирани според прописите во РСМ за вршење на соодветна туристичка дејност
- да имаат успешно завршено најмалку 3 ученички екскурзии и други слободни ученички активности во последните 3 години
- да ги исполнуваат условите за превоз на група ученици согласно законот за безбедност на сообраќајот на патиштата и Правилникот за посебни технички барања на возилата со кои се превезуваат групи на деца.
- Автобусот да биде климатизиран
- Да има обезбедено лекар

## НАЧИН НА ФИНАНСИРАЊЕ:

Финансиските средства ги обезбедуваат родителите /старателите на учениците.

## АНАЛИЗА НА НАСТАВНО – НАУЧНАТА ЕКСКУРЗИЈА

По изведувањето на наставно- научната екскурзија да се изврши анализа и да се поднесе писмен извештај од страна на одговорните наставници.

**ЗАБЕЛЕШКА**: Секоја измена од техничка природа на барање на агенцијата ќе биде земена во предвид, доколку е во согласност со програмата.

февруари, 2024 година

М. Брод

**ИЗРАБОТИЛ:**

Наташа Стојкоска